РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1358/3
16-10-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен врз основа на анонимна пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 9 - та седница, одржана на 09.10.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Предметот заведен под број 09-5378/1 од 14.12.2023 година, со наводи за непочитување на одредбите од член 17 и 22 од Законот за енергетика од страна на Владата на РСМ, при предложување и именување на составот на ___________________-, пред _______ на РСМ, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема прекршување на одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Врз основа на пријава од непознат подносител оформен е предмет во Секторот за спречување на корупција под број 12-3447/1 од 14.07.2023 година, а по одржан колегиум на 18.12.2023 година, со Службена белешка предметот е прераспределен во Одделението за спречување судир на интереси и лобирање и постапката продолжи под број 09-5378/1 од 14.12.2023 година.

Од страна на непознат подносител, на ден 14.07.2023 година поднесена е пријава со наводи дека на 18.07.2023 година како точка на дневен ред на седница на ______- на РСМ се разгледувал предлогот за избор и именување на _________ на __________________. Според подносителот, Комисијата за именување при ________, која го предложила составот на ______________ пред _______, не ги почитувала одредбите на член 17 и 22 од Законот за __________.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во пријавата се наведува дека лицата предложени од Комисијата за именување составена од ________, не ги исполнуваат условите кои што се предвидени согласно Законот за ____________. Имено, за претседател е предложено лицето _________ и согласно пријавата наводите се дека тој во јавноста е карактеризиран како политички настроен кон одредена политичка партија и вмешан во разни скандали. Лицето ______________ се именува од позиција на службеник за усогласување во ______ компанија која ______________ му определува цена за дистрибуција на електрична енергија што во овој случај има конфликт на интерси и е спротивно на дадената изјава дека две години не е член на управување или орган на надзор на друштво кое врши енергетска дејност. Потоа, ___________- лице кое што претходно е вработено во _______________ што спротивно на член 17 од Законот за ___________. И во истоимената пријава спомната е уште _______ која е предложена како член и истата веќе претходно учествувала во оглас за член на _______________ но не ги исполнувала условите согласно Законот за ___________.

ДКСК со допис Барање за доставување на податоци и информации број 09-1358/1 од 09.04.2024 година се обрати до __________ за целосно и правилно утврдување на фактичката состојба да се достават пријавите од кандидатите по огласот со бр.03/2023, список со образложение за кандидатите доставен до ________ од страна на комисијата формирана од _________за рзагледување на пријавите, предлог од _________ за именување или повторно именување на член или претседател на ______________ кој е доставен до ____________ и целокупната документација со која се потврдува дека при формирањето на конечниот предлог за именување или повторно именување на член или претседател на __________________ е испочитуван член 17 став (3) точка 3 или член 22 став (1) од Законот за енергетика.

Од ______ на РСМ со допис 09-1358/2 од 07.05.2024 година доставена е целосната документација во врска со спореведениот Јавен оглас бр.03/2023 година за именување на претседател и 3 (три) члена на ___________________.

По разгледување на предметните наводи, ДКСК на 9-та седница констатира дека во конкретниот случај не може да се покрене постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси бидејќи изборот на претседател и членови на __________- е спроведен согласно законските прописи, односно не се потврдуваат наводите во пријавата.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитриевска**

По заклучок од седница на ДКСК :
Изработил: м-р. Б.К. – виш соработник
Контролирал: К.З., раководител
Одобрил: З.Б., член на ДКСК